ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# Индекс на активна транспарентност

# 2020

Скопје, мај 2020 год.

**Индекс на активна транспарентност 2020**

**Издава:**
Центар за граѓански комуникации

**Лектура:**
Татјана Б. Ефтимоска

**Печати:**
Датапонс Скопје

**Тираж:**
250 примероци

Бесплатен/некомерцијален тираж

**ЦИП**

Овој извештај е подготвен од Центарот за граѓански комуникации со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во овој извештај им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# Содржина

**Резиме** .......... **4**

**Вовед: Зошто активна транспарентност?** .......... **5**

**Методологија** .......... **7**

**Вкупно рангирање според Индексот на активна транспарентност 2020** .......... **8**

**Детална анализа на активната транспарентност за 2020** .......... **9**

**Прилози: Прашалници за мониторинг на институциите** .......... **23**

Прашалник за истражување на активната транспарентност на министерствата и на Владата за изработка на Индексот на активна транспарентност .......... 23

Прашалник за истражување на активната транспарентност на општините и на Град Скопје за изработка на Индексот на активна транспарентност .......... 25

# Кратенки

| | |
|---|---|
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЕ | Министерство за економија |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МЗ | Министерство за здравство |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МК | Министерство за култура |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| МО | Министерство за одбрана |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МП | Министерство за правда |
| МПСОЗ | Министерство за политички систем и односи со заедниците |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МФ | Министерство за финансии |

# Резиме

- Активната транспарентност на сите 98 вклучени институции (министерствата, Владата и општините) за 2020 година изнесува **58,2 %** (од максимално можни 100 %) и според градацијата на нивоата, спаѓа во 'просечна' активна транспарентност. Активната транспарентност во 2020 година е **подобрена само за минимални 2,2 процентни поени** во однос на лани, кога изнесуваше 56 %.

- Кај **министерствата**, по три години континуиран пораст, во 2020 година се забележува стагнација и дури и **мало намалување** на активната транспарентност. Таа годинава изнесува **77,1 %**, за разлика од ланските 77,6 %.

- Сепак, активната транспарентност на министерствата сѐ уште е значително подобра од онаа на **општините,** која изнесува **54,5 %** и по неколкугодишното намалување **бележи пораст** втора година по ред.

- За првпат во последните пет години откако се изработува овој индекс, едно **министерство се наоѓа на врвот** на табелата. Годинава на прво место со најголема активна транспарентност е Министерството за одбрана (97,9 %), следено дури од осум општини, меѓу кои прва е Велес (94,4 %).

- Во однос на **регионите**, нема промена од лани. На прво место е Источниот Регион (68,3 %), додека на последно останува Скопскиот Регион (44,4 %).

- И натаму **најмалку информации** и министерствата и општините објавуваат **за финансиите**, и тоа министерствата 42 %, а општините само 36% од информациите што треба да ги објавуваат.

- На **барањата за слободен пристап** до информациите од јавен карактер што им беа испратени на сите во ист ден и со исто прашање, **општините** одговорија во просек за **24 дена** (лани за 21 ден), а **министерствата** за **26 дена** (лани за 34 дена), иако максималниот законски рок е 20 дена. Во овој рок одговорија само 40 % од институциите, додека останатите **60 % го прекршија законот**.

Под 'активна транспарентност' се подразбира објавувањето информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа некој да има доставено до нив барање за пристап до тие информации. Сепак, постои и законска основа за активната транспарентност на институциите, која се наоѓа, пред сѐ, во Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, но и во низа други закони, како што се Законот за локалната самоуправа, Законот за буџетите, Законот за јавен долг, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и др. Освен од регулативата, активната транспарентност произлегува и од добрата практика, а институциите имаат обврски за проактивно објавување информации и од акциските планови во рамките на иницијативата за Отворено владино партнерство.

# Вовед: Зошто активна транспарентност?

Под ’активна транспарентност‘ се подразбира објавувањето информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа некој да има доставено до нив барање за пристап до тие информации. Наспроти тоа, во случаите кога до институцијата се доставува барање за одредена информација, станува збор за ’реактивна транспарентност‘.

Потребата од проактивното објавување информации произлегува оттаму што на тој начин се обелоденуваат:

- » информации за регулативата и за одлуките на властите, со што се остварува правото на граѓаните да бидат информирани за своите права и обврски во општеството;
- » информации коишто им се потребни на граѓаните за да бараат одговорност од властите;
- » информации коишто им се неопходни на граѓаните за да можат да учествуваат во процесот на донесувањето одлуки и
- » информации коишто им се потребни на граѓаните за да можат да пристапуваат кон услугите што ги нудат јавните институции.

И самата институција којашто објавува информации врз проактивна основа остварува корист по неколку основи:

- » активната транспарентност ѝ помага на институцијата да биде поодговорна во трошењето на јавните пари;
- » на тој начин институцијата ги промовира принципите на добро владеење и интегритет и
- » институцијата е поефикасна бидејќи подобро управува со информациите со коишто располага.

Се чини дека развојот на техниката и технологиите одат рака под рака и ја помагаат активната транспарентност на институциите, бидејќи начините за дистрибуција на информациите кои ги поседуваат институциите, а кои се од корист за граѓаните, се побројни и полесно достапни.

Законската основа за активната транспарентност на институциите се наоѓа во Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Овој закон, освен што пропишува обврска до институциите да одговорат на барањата за пристап до информации од јавен карактер, содржи и одредби за проактивно објавување информации, односно за самостојно објавување информации.

Натаму, низа други закони пропишуваат обврски за институциите да објавуваат информации врз проактивна основа. Станува збор за одредби во Законот за локалната самоуправа, во Законот за буџетите, во Законот за јавен долг, во Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и др.

Освен од регулативата, активната транспарентност произлегува и од практиката. Се смета за добра практика во светот кога една институција ги прави достапни до сите граѓани одговорите на прашањата што почесто ги добива во форма на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Доброволно објавените информации им помагаат на граѓанските организации и на истражувачките новинари да изработуваат и да објавуваат истражувања кои им помагаат на граѓаните подобро да го разберат функционирањето на институциите, нивните права и обврски, начинот на којшто можат да влијаат врз донесувањето на одлуките кои се рефлектираат врз нивното секојдневно живеење и работење, како и полесно да им пристапат на услугите што им ги нуди државата.

Во принцип, една институција може проактивно да ги објави сите информации со кои располага, освен оние за кои во законот постојат исклучоци.

Активната транспарентност е релативно нов поим во светот. Оттука, не постојат ниту некои пропишани стандарди за тоа кои сè информации, освен оние пропишани со закон, институциите треба да ги објавуваат. Сепак, анализата на практиката од многу земји упатува на некои минимум информации кои една институција треба да ги објавува како дел од активната транспарентност.

Кога објавуваат проактивно одредени информации, институциите треба да се раководат од тоа начинот на којшто ги објавуваат информациите да биде исплатлив и ефективен, односно да биде лесно достапен за најширок круг граѓани. Исто така, искрената активна транспарентност подразбира институцијата да ги информира граѓаните и заинтересираните страни за објавените информации и да го поттикнува пристапот до нив и нивното користење.

Проактивно објавените информации треба да бидат лесно достапни и разбирливи, да можат да се употребат, да бидат релевантни (во соработка со граѓанските организации и новинарите може да се провери кои се релевантни информации) и да се ажурираат редовно.

Врз основа на сево ова, Центарот за граѓански комуникации изработи детална методологија за сеопфатно истражување кое го мери степенот на активна транспарентност на државните институции. Идејата на ова истражување и на рангирањето на институциите во т.н. Индекс на активна транспарентност е да им се помогне на институциите околу тоа кои информации треба да ги објавуваат и да се поттикнат да ги објавуваат тие информации.

# Методологија

Истражувањето е спроведено врз основа на претходно изработени методологија и структурирани прашалници за состојбата на исполнетост на обврските за активно објавување на информациите на интернет-страниците на институциите.

Основа за изработката на прашалниците претставуваа законските обврски што ги имаат институциите за објавување информации од разни сфери кои се од важност за граѓаните и кои влијаат врз нивните животи и работењето. Во оваа смисла, земени се предвид, пред сè, обврските кои произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и оние обврски од други закони што се однесуваат на трошењето јавни пари.

Истражувањето се прави петта година по ред на институциите кои се директни носители на извршната власт на централно и на локално ниво, односно на Владата, на министерствата и на локалните власти, односно на општините и Градот Скопје.

Имајќи ги предвид различните обврски за активно објавување информации на властите на национално и на локално ниво (општините имаат далеку поголеми обврски во оваа смисла), истражувањето се спроведува врз основа на два прашалници. Едниот прашалник е за министерствата и за Владата, а другиот е за единиците на локалната самоуправа, односно за општините и за Градот Скопје. Притоа, прашалникот за Министерството за финансии содржи повеќе прашања, во согласност со повеќето обврски за објавување информации за ова министерство во однос на другите.

Во зависност од важноста, степенот и обемот на објавените информации на интернет-страниците на институциите што се истражуваат, за секое прашање се доделуваат бодови. Освен преку истражување на исполнетоста на обврските за објавување информации според прашалникот, како дел од истражувањето е и тест-барање за слободен пристап до информации од јавен карактер кое се испраќа до сите вклучени институции во истражувањето, заради оценување на навременоста и целосноста на добиените одговори. Максималните бодови што може да ги добие едно министерство и Владата се 48, Министерството за финансии може да добие максимум 54 бодови, а општините и Град Скопје 71.

Иницијалното истражување се спроведе од 12 март до 6 април 2020 година. Финалното рангирање на институциите е извршено според степенот (процентот) на исполнување на обврските, т.е. индексот на транспарентност, којшто се добива како однос меѓу бројот на доделени бодови и вкупниот број на можни бодови. Притоа, 0 е најнизок ранг, а 100 највисок.

Активната транспарентност на институциите е поделена во пет групи, во зависност од степенот на исполнетост на обврските. Институциите со 80-100 % исполнетост се рангирани во групата ʼмногу добраʻ, оние со 60-80 % во групата ʼдобраʻ, институциите со 40-60 % исполнетост во групата ʼпросечнаʻ, од 20-40 % исполнетост во групата ʼслабаʻ и од 0-20 % во групата ʼмногу слабаʻ активна транспарентност.

# Вкупно рангирање според Индексот на активна транспарентност 2020

| Ранг | Институција | Резултат |
|---|---|---|
| | **МНОГУ ДОБРА** | |
| 1 | Министерство за одбрана | 97,9 % |
| 2 | Велес | 94,4 % |
| 3 | Карпош | 91,4 % |
| 4 | Крива Паланка | 89,9 % |
| 5 | Битола | 88,4 % |
| 5 | Демир Хисар | 88,4 % |
| 7 | Македонска Каменица | 85,9 % |
| 8 | Валандово | 85,5 % |
| 9 | МВР | 85,4 % |
| 10 | Министерство за финансии | 85,2 % |
| 11 | Зрновци | 84,5 % |
| 12 | Гази Баба | 84,1 % |
| 12 | Струмица | 84,1 % |
| 14 | МИОА | 83,3 % |
| 14 | Влада на РСМ | 83,3 % |
| 16 | Делчево | 82,6 % |
| 16 | Куманово | 82,6 % |
| 18 | МЗШВ | 81,3 % |
| 18 | Министерство за здравство | 81,3 % |
| 20 | Кавадарци | 80,3 % |
| 20 | Охрид | 80,3 % |
| | ДОБРА | |
| 22 | МТСП | 79,2 % |
| 23 | Берово | 78,3 % |
| 23 | Василево | 78,3 % |
| 23 | Кочани | 78,3 % |
| 26 | Гевгелија | 76,8 % |
| 27 | МНР | 75,0 % |
| 28 | Македонски Брод | 74,6 % |
| 29 | Министерство за правда | 72,9 % |
| 29 | Министерство за економија | 72,9 % |
| 29 | МЛС | 72,9 % |
| 29 | МЖСПП | 72,9 % |
| 33 | Центар | 71,8 % |
| 34 | Град Скопје | 71,0 % |
| 34 | Крушево | 71,0 % |
| 36 | МОН | 70,8 % |
| 37 | Вевчани | 68,1 % |
| 38 | Пехчево | 66,7 % |
| 38 | Прилеп | 66,7 % |
| 40 | Богданци | 66,2 % |
| 40 | Штип | 66,2 % |
| 42 | Гостивар | 64,8 % |
| 43 | Кисела Вода | 64,3 % |
| 44 | Дебрца | 63,8 % |
| 44 | Кратово | 63,8 % |
| 46 | МТВ | 62,5 % |
| 47 | Долнени | 60,9 % |
| 47 | Пробиштип | 60,9 % |
| 47 | Ресен | 60,9 % |
| 50 | Чешиново - Облешево | 60,6 % |

| Ранг | Институција | Резултат |
|---|---|---|
| 51 | Аеродром | 60,3 % |
| 52 | Ѓорче Петров | 60,0 % |
| | **ПРОСЕЧНА** | |
| 53 | Дебар | 58,1 % |
| 54 | Виница | 58,0 % |
| 54 | Илинден | 58,0 % |
| 54 | Тетово | 58,0 % |
| 57 | Маврово и Ростуше | 57,7 % |
| 57 | Свети Николе | 57,7 % |
| 59 | Радовиш | 56,5 % |
| 60 | Министерство за култура | 56,3 % |
| 61 | Брвеница | 55,1 % |
| 62 | Боговиње | 53,6 % |
| 62 | Могила | 53,6 % |
| 64 | Јегуновце | 52,9 % |
| 65 | Неготино | 52,1 % |
| 66 | Босилово | 50,7 % |
| 66 | Кривогаштани | 50,7 % |
| 66 | Лозово | 50,7 % |
| 69 | Чашка | 47,9 % |
| 70 | Новаци | 47,8 % |
| 71 | Кичево | 46,4 % |
| 71 | Ново Село | 46,4 % |
| 73 | Демир Капија | 43,5 % |
| 73 | Желино | 43,5 % |
| 75 | Ранковце | 42,0 % |
| 76 | Шуто Оризари | 41,4 % |
| | **СЛАБА** | |
| 77 | Струга | 39,4 % |
| 78 | Градско | 33,3 % |
| 78 | Росоман | 33,3 % |
| 80 | Студеничани | 29,6 % |
| 81 | Бутел | 29,4 % |
| 81 | Чаир | 29,4 % |
| 83 | Карбинци | 29,0 % |
| 84 | Дојран | 26,1 % |
| 84 | Сопиште | 26,1 % |
| 86 | Сарај | 25,4 % |
| 87 | Конче | 23,2 % |
| 87 | Теарце | 23,2 % |
| 89 | Арачиново | 22,9 % |
| 90 | Врапчиште | 20,3 % |
| | **МНОГУ СЛАБА** | |
| 91 | Чучер Сандево | 17,4 % |
| 92 | Пласница | 15,9 % |
| 93 | Липково | 14,5 % |
| 93 | Центар Жупа | 12,7 % |
| 95 | Петровец | 11,6 % |
| 96 | Старо Нагоричане | 10,1 % |
| 97 | Зелениково | 4,3 % |
| 98 | МПСОЗ | 0,0 % |

# Детална анализа на активната транспарентност за 2020

**Проактивното објавување јавни информации од институциите е малку подобрено, иако општото ниво на активна транспарентност е сè уште ниско.**

- Просечната активна транспарентност на сите 98 вклучени институции за 2020 година изнесува **58,2 %** (од максимално можни 100 %) и според градацијата на нивоата, спаѓа во ’просечна‘ активна транспарентност. Активната транспарентност во 2020 година е подобрена само за минимални 2,2 процентни поени во однос на лани, кога изнесуваше 56 %.

- По три години континуиран пораст, во 2020 година се забележува стагнација и дури и мало намалување на активната транспарентност на министерствата. Нивната просечна транспарентност е **77,1 %**, за разлика од ланските 77,6 %. Како и да е, активната транспарентност на министерствата сè уште е значително подобра од онаа на општините, која изнесува **54,5 %** и по неколкугодишното намалување, сега бележи пораст втора година по ред.

- И со ваквата состојба останува голем јазот меѓу активната транспарентност на министерствата и Владата и онаа на општините. Иако во 2016 година министерствата и општините имаа иста почетна основа, оттогаш наваму министерствата постојано го подобруваа проактивното објавување јавни информации за разлика од општините, кои дури објавуваа помалку информации за конечно да почнат да се подобруваат од пред две години. Така, по четири години, активната транспарентност на министерствата е за повеќе од 22 проценти поени подобра од онаа на општините.

**Движење на активната транспарентност по години**



- И годинава има најмногу институции (32 %) во групата со 'добра' активна транспарентност, а зголемен е процентот и на институции во најдобрата група со 'многу добра' активна транспарентност (од ланските 13 % на 22 %). Наспроти ова, за малку е намален процентот на институции во најлошата група со 'многу слаба' активна транспарентност (од 10 % лани на 8 % оваа година).

***Процентуална застапеност на институциите во одделните нивоа на активна транспарентност***




**Активна транспарентност на општините: Првото место е изгубено, но општини се наоѓаат од втората до осмата позиција**

- Општините годинава се вратија на врвот на листата каде што се наоѓаат институциите со 'многу добра' активна транспарентност, односно со исполнување на обврските за објавување јавни информации од 80 % до 100 %. Меѓу 21 институција на врвот на листата, има дури 14 општини, за разлика од лани, кога во оваа група имаше осум општини.

- Годинава, сепак, за првпат во последните пет години, на првото место на ранг-листата не се наоѓа општина, туку министерство. Неколку општини, пак, се рангирани од второто до осмото место. Наспроти тоа, со исклучок на едно министерство, само општини ги заземаат и последните 37 места на ранг-листата.

- Само 43 од вкупно 81 општина ја подобриле својата активна транспарентност. Лани, својата активна транспарентност ја подобрија дури 70 општини. Лидери во подобрувањето се шест општини кои процентот на исполнетост на обврските, само за една година, го подобриле за повеќе од 20 процентни поени: Валандово, Карпош, Делчево, Центар, Лозово и Росоман.

**Активна транспарентност на министерствата и Владата: Стагнација по три години континуиран пораст**

- Општото ниво на активна транспарентност кај министерствата е намалено за половина процентен поен, од 77,6 % лани на 77,1 % годинава. Ова е прва стагнација во активната транспарентност на министерствата по тригодишен континуиран пораст.

- Од 16 министерства и Владата, кај половина има пораст, а кај другата половина има намалување на исполнетоста на обврските од активната транспарентност. Најголем пораст има кај Министерството за одбрана, кое со 97,9 % е најдобро рангирано министерство, но и најдобро рангирана институција од сите 98. Најголем пад има кај Министерството за локална самоуправа, кое од третото место падна на 10 позиција.

- Министерството за внатрешни работи ѝ го одзеде второто место на Владата, која годинава е на четвртата позиција, на која се наоѓа и МИОА со скок од ланската 11 позиција. На трето место изби Министерството за финансии. Министерството за земјоделство, од првата позиција лани, годинава падна на шестото место. А од ланската шеста позиција, дури на 14 место годинава падна Министерството за образование и наука.

- На дното, како и лани, и годинава се министерствата за транспорт и врски и за култура, додека на последното место и меѓу министерствата и воопшто од сите рангирани 98 институции е новоформираното Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците. Ни цела година по формирањето на ова министерство, кое патем не беше од почеток туку значеше продолжување на работата на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, сè уште нема функционална интернет-страница.

- Седум министерства се во најдобрата група со ’многу добра‘ активна транспарентност (исполнетост од 80 % до 100 %), осум во групата со ’добра‘ активна транспарентност (исполнетост меѓу 60% и 80%). По едно министерство има во групата со ’просечна‘ активна транспарентност (исполнетост на обврските меѓу 40% и 60%) и во најниската група со ’многу слаба‘ активна транспарентност (исполнетост на обврските меѓу 0 % и 20 %).

*Рангирање на министерствата според активната транспарентност*

| Ранг | Вк. ранг | Институција | Резултат 2020 | Резултат 2019 | Промена (% поени) |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | 1 | Министерство за одбрана | 97,9 % | 85,0 % | 12,9 |
| **2** | 9 | Министерство за внатрешни работи | 85,4 % | 80,0 % | 5,4 |
| **3** | 10 | Министерство за финансии | 85,2 % | 76,1 % | 9,1 |
| **4** | 14 | Министерство за информатичко општество и администрација | 83,3 % | 75,0 % | 8,3 |
| **4** | 14 | Влада на РСМ | 83,3 % | 85,0 % | -1,7 |
| **6** | 18 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 81,3 % | 87,5 % | -6,2 |
| **6** | 18 | Министерство за здравство | 81,3 % | 77,5 % | 3,8 |
| **8** | 22 | Министерство за труд и социјална политика | 79,2 % | 75,0 % | 4,2 |
| **9** | 27 | Министерство за надворешни работи | 75,0 % | 72,5 % | 2,5 |
| **10** | 29 | Министерство за правда | 72,9 % | 82,5 % | -9,6 |
| **10** | 29 | Министерство за економија | 72,9 % | 77,5 % | -4,6 |
| **10** | 29 | Министерство за локална самоуправа | 72,9 % | 85,0 % | -12,1 |
| **10** | 29 | Министерство за животна средина и просторно планирање | 72,9 % | 75,0 % | -2,1 |
| **14** | 36 | Министерство за образование и наука | 70,8 % | 80,0 % | -9,2 |
| **15** | 46 | Министерство за транспорт и врски | 62,5 % | 72,5 % | -10,0 |
| **16** | 60 | Министерство за култура | 56,3 % | 55,0 % | 1,3 |
| **17** | 98 | Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците | 0,0 % | н/а | н/а |
| | | **ПРОСЕК** | **77,1%** | **77,6%** | **-0,5** |

## Најмалку информации се објавуваат за финансиската транспарентност

- Во однос на одделните области на активната транспарентност – институциите објавуваат најмногу информации од областа на пристапот до информации, а најмалку од областа на буџетската и финансиската транспарентност.

- Во делот на **пристапот до информации**, процентот на исполнетост на обврските за активно објавување на овие информации, кои произлегуваат главно од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, кај општините изнесува исто како и лани, односно 67 %), додека кај министерствата и Владата овој процент е значително повисок и изнесува 88 % (лани 95 %).

- Кај областа **информации за надлежноста и за услугите**, општините имаат просечна исполнетост на обврските за објавување информации од 36 % (лани 47 %), а министерствата од 89 % (лани 86 %).

- И општините и министерствата најслабо стојат кај активното објавување информации од областа **буџетска и фискална транспарентност**, каде што од можни 100%, општините исполнуваат само 36 % (лани 26 %), а министерствата 42 % (лани 57 %) од обврските за активно објавување информации.

### *Активна транспарентност по области*




**Регионална споредба: Источниот Регион се задржа на првото место, а Скопскиот остана на последното**

- За разлика од лани, кога сите региони забележаа подобрување на активната транспарентност, годинава два региони имаат послаби резултати – Југозападниот и Полошкиот. Нема промени во водството и во последното место. И натаму, на првото место е Источниот Регион, којшто дури ја подобри својата активна транспарентност од 62 % на 68,3 %. Последен и натаму е Скопскиот Регион, којшто ланските 42,8 % ги подобри минимално на 44,4 %, но доволно само за последното место.

- Пелагонискиот Регион остана на второто место, додека од третото на петтото место падна Југозападниот Регион, којшто ланската исполнетост на обврските за проактивно објавување на информации од 54,4 %, годинава ја намали на 51%, со што падна за две места на табелата. Полошкиот Регион падна на претпоследното место со 47,7 %, со мал пад од ланските 48,7 %.

- Првите два региони, Источниот и Пелагонискиот, имаат просечно ниво на исполнување на обврските над 60 %, односно 'добра' активна транспарентност. Сите останати региони имаат 'просечна' активна транспарентност, со исполнување на обврските меѓу 40 % и 60 %.

*Рангирање на регионите според активната транспарентност*




## Источен Регион 68,3 % (лани 62,0 %)

- Источниот Регион го задржа првото место што го заседе лани и остана лидер меѓу регионите според активната транспарентност со просечно исполнување на обврските од 68,3 %, што е дури и подобрување од лани за 6,3 процентни поени. Со значително подобрување на активната транспарентност две години по ред, Македонска Каменица изби на првото место во регионот, со високи 85,9% исполнетост на обврските од активната транспарентност.

- Ланските лидери Берово и Штип не само што ги изгубија водечките позиции, туку паднаа значително на рангирањето. Огромен скок годинава има Зрновци, кое изби на второто место со солидни 84,5 %. Карбинци остана на последната позиција со само 29 %.

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 7 | М. Каменица | 85,9 % |
| 2 | 11 | Зрновци | 84,5 % |
| 3 | 16 | Делчево | 82,6 % |
| 4 | 23 | Берово | 78,3 % |
| 5 | 23 | Кочани | 78,3 % |
| 6 | 38 | Пехчево | 66,7 % |
| 7 | 40 | Штип | 66,2 % |
| 8 | 47 | Пробиштип | 60,9 % |
| 9 | 50 | Чешиново- Облешево | 60,6 % |
| 10 | 54 | Виница | 58,0 % |
| 11 | 83 | Карбинци | 29,0 % |

**Пелагониски Регион 65,4 % (лани 59,8 %)**

- Некогашниот лидер меѓу регионите, и годинава како и лани, остана на втората позиција според активната транспарентност. Со подобрувањето од ланските 59,8 % на 65,4 %, регионот влезе во ’добра‘ активна транспарентност, со исполнување на обврските над 60 %.

- Битола остана на лидерската позиција со високи 88,4 %, но годинава првото место го дели со ланскиот вицешампион, Демир Хисар, којшто има исто исполнување и секоја година ја подобрува својата активна транспарентност.

- Од останатите општини, Крушево изби пред Прилеп на третото место, а Кривогаштани се помести на претпоследното место од последното место, кое сега го зазема Новаци.

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 5 | Битола | 88,4 % |
| 1 | 5 | Демир Хисар | 88,4 % |
| 3 | 34 | Крушево | 71,0 % |
| 4 | 38 | Прилеп | 66,7 % |
| 5 | 47 | Долнени | 60,9 % |
| 5 | 47 | Ресен | 60,9 % |
| 7 | 62 | Могила | 53,6 % |
| 8 | 66 | Кривогаштани | 50,7 % |
| 9 | 70 | Новаци | 47,8 % |

**Југоисточен Регион 59,4 % (лани 53,2 %)**

- Југоисточниот Регион, со подобрување од повеќе од 6 процентни поени, успеа да се подобри за едно место и по две години на четвртото место да ја заземе третата позиција. Но, има значајни промени во рамките на општините од регионот.

- Валандово, од последното место во 2018 година, преку петтото место лани, годинава изби на врвот со солидни 85,5 %. Само за една година општината има дури 28,6 процентни поени подобрување во активната транспарентност. Гевгелија падна од првото на четвртото место, додека Струмица остана втора.

- Последните две општини на листата, Дојран и Конче, спаѓаат во групата со ’слаба‘ транспарентност, односно онаа со исполнување на обврските меѓу 20 % и 40 %.

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 8 | Валандово | 85,5 % |
| 2 | 12 | Струмица | 84,1 % |
| 3 | 23 | Василево | 78,3 % |
| 4 | 26 | Гевгелија | 76,8 % |
| 5 | 40 | Богданци | 66,2 % |
| 6 | 59 | Радовиш | 56,5 % |
| 7 | 66 | Босилово | 50,7 % |
| 8 | 71 | Ново Село | 46,4 % |
| 9 | 84 | Дојран | 26,1 % |
| 10 | 87 | Конче | 23,2 % |

**Вардарски Регион 54,8 % (лани 51,1 %)**

- По ланскиот пад на петтото место, Вардарскиот Регион се подобри за една позиција и годинава е на четвртото место според активната транспарентност. Овој регион ја има и најдобро рангираната општина од сите општини во земјата, Велес, која ја врати лани изгубената лидерска позиција.

- Ланскиот лидер во регионот Кавадарци сега е повторно на второто место. Свети Николе остана на третото место, а по ланскиот скок, Градско повторно падна на претпоследното место заедно со Росоман. Неготино годинава ја подобри својата актива транспарентност и скокна на четвртото место, за разлика од Чашка, која падна на шестата позиција.

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | Велес | 94,4 % |
| 2 | 20 | Кавадарци | 80,3 % |
| 3 | 57 | Свети Николе | 57,7 % |
| 4 | 65 | Неготино | 52,1 % |
| 5 | 66 | Лозово | 50,7 % |
| 6 | 69 | Чашка | 47,9 % |
| 7 | 73 | Демир Капија | 43,5 % |
| 8 | 78 | Градско | 33,3 % |
| 8 | 78 | Росоман | 33,3 % |

**Југозападен Регион 51,0 % (лани 54,4 %)**

- По ланскиот огромен скок и освојувањето на третата позиција, Југозападниот Регион повторно падна и ја заседе петтата позиција. Охрид остана на првото место, додека Центар Жупа падна од претпоследното на последното место. Оваа општина и претпоследната Пласница остануваат во најлошата група со 'многу слаба' активна транспарентност.

- Македонски Брод продолжи со подобрување и сега ја зазема втората позиција од која на третото место падна Вевчани. Дебрца остана четврта, а голем пад има кај Струга која од ланските 64,6 %, годинава има само 39,4 % исполнетост на обврските од активната транспарентност.

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 20 | Охрид | 80,3 % |
| 2 | 28 | Македонски Брод | 74,6 % |
| 3 | 37 | Вевчани | 68,1 % |
| 4 | 44 | Дебрца | 63,8 % |
| 5 | 53 | Дебар | 58,1 % |
| 6 | 71 | Кичево | 46,4 % |
| 7 | 77 | Струга | 39,4 % |
| 8 | 92 | Пласница | 15,9 % |
| 9 | 93 | Центар Жупа | 12,7 % |

**Североисточен Регион 50,5 % (лани 46,2 %)**

- Со мало подобрување во однос на лани според активната транспарентност, Североисточниот Регион скокна за една позиција од седмото на шестото место меѓу регионите.

- Крива Паланка се врати на првото место кое лани го заземе Куманово и стана трета најдобра општина меѓу сите 81 единици на локална самоуправа во земјата, со високи 89,9 % исполнетост на обврските од активната транспарентност.

- Нема промени во остатокот од рангирањето, со тоа што Липково и Старо Нагоричане паднаа уште повеќе и од општини со 'слаба' активна транспарентност влегоа во групата на општини со 'многу слаба' активна транспарентност.

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 4 | Крива Паланка | 89,9 % |
| 2 | 16 | Куманово | 82,6 % |
| 3 | 44 | Кратово | 63,8 % |
| 4 | 75 | Ранковце | 42,0 % |
| 5 | 93 | Липково | 14,5 % |
| 6 | 96 | Старо Нагоричане | 10,1 % |

**Полошки Регион 47,7 % (лани 48,7 %)**

- По ланското подобрување за повеќе од 20 процентни поени и скок од претпоследното на петтото место, Полошкиот Регион годинава повторно падна на претпоследното место со намалување на активната транспарентност за еден процентен поен.

- Гостивар остана на лидерската, а Тетово на втората позиција, и двете општини со подобрена транспарентност годинава во однос на лани. Маврово и Ростуше се врати на некогашната трета позиција, од која за три места падна Желино.

- Теарце и Врапчиште ги заменија последното и претпоследното место и двете општини и натаму се во групата на општини со ’слаба‘ активна транспарентност.

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 42 | Гостивар | 64,8 % |
| 2 | 54 | Тетово | 58,0 % |
| 3 | 57 | Маврово и Ростуше | 57,7 % |
| 4 | 61 | Брвеница | 55,1 % |
| 5 | 62 | Боговиње | 53,6 % |
| 6 | 64 | Јегуновце | 52,9 % |
| 7 | 73 | Желино | 43,5 % |
| 8 | 87 | Теарце | 23,2 % |
| 9 | 90 | Врапчиште | 20,3 % |

**Скопски Регион 44,4 % (лани 42,8 %)**

- Најголемиот регион во земјава, Скопскиот Регион, остана на последното место меѓу регионите според активната транспарентност на општините во него.

- Карпош му го одзеде приматот на Град Скопје и со високи 91,4 % изби на првото место. Карпош е воедно и втората најдобра општина според активната транспарентност во земјава.

- Гази Баба се задржа на втората позиција во Скопскиот Регион. Центар изби на третото место, а од ова место, годинава на осмото падна Илинден. Град Скопје дојде од првото на четвртото место. Кисела Вода и Аеродром ги заменија ланските позиции, а Ѓорче Петров остана на истото седмо место од лани.

- Во вториот дел и при крајот на табелата нема големи промени освен што Сопиште не е веќе последна општина. На последно место е Зелениково, која со само 4,3 % исполнетост на обврските од активната транспарентност (од можни 100 %) е последно рангирана не само од скопските, туку и од сите општини во земјава.

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 3 | Карпош | 91,4 % |
| 2 | 12 | Гази Баба | 84,1 % |
| 3 | 33 | Центар | 71,8 % |
| 4 | 34 | Град Скопје | 71,0 % |
| 5 | 43 | Кисела Вода | 64,3 % |
| 6 | 51 | Аеродром | 60,3 % |
| 7 | 52 | Ѓорче Петров | 60,0 % |
| 8 | 54 | Илинден | 58,0 % |
| 9 | 76 | Шуто Оризари | 41,4 % |
| 10 | 80 | Студеничани | 29,6 % |
| 11 | 81 | Чаир | 29,4 % |
| 11 | 81 | Бутел | 29,4 % |
| 13 | 84 | Сопиште | 26,1 % |
| 14 | 86 | Сарај | 25,4 % |
| 15 | 89 | Арачиново | 22,9 % |
| 16 | 91 | Чучер Сандево | 17,4 % |
| 17 | 95 | Петровец | 11,6 % |
| 18 | 97 | Зелениково | 4,3 % |

**Институциите просечно одговорија за 25 дена, иако максималниот законски рок е 20 дена**

- За разлика од сите претходни години во кои институциите просечно одговараа во тогашниот максимален законски рок од 30 дена, годинава само 40 % од институциите го испочитуваа новиот законски рок и одговорија во максимално предвидените 20 дена. На барањето годинава воопшто не одговорија 4 % од институциите, за разлика од ланските 12 %.

***Одговори на барањата за слободен пристап (сите институции)***



- 39 % од општините одговориле во рамките на максималниот законски рок од 20 дена (лани 77 %), додека тоа во рокот го сториле само 35 % од министерствата (лани 45 %).

- Просечно, институциите одговорија на испратените барања во рок од **25 дена** (лани 22 дена), при што просекот во којшто одговорија општините изнесува 24 дена (лани 21 ден), а министерствата 26 дена (лани 34 дена).

- Најбрз одговор пристигна од една општина, само за три дена, додека најдоцна одговори друга општина, за 64 дена.

***Просечен број денови во кои одговориле на барањата за пристап***




## Победници и губитници

- За стагнацијата во активната транспарентност на институциите говори и податокот дека само 52 од 98-те рангирани институции ја подобриле својата активна транспарентност во 2020 година во однос на претходната година. Лани подобрување имаше кај дури 86 институции.

- Најголемо поединечно подобрување има кај Валандово (28,6 % ) и Карпош (25, 8 %). Наспроти ова, најголема негативна промена има кај Струга (-25,2 %).

***Годишна промена во активната транспарентност (2020/2019 година)***

| **Институција** | **Промена во процентни поени** | | **Институција** | **Промена во процентни поени** |
|---|---|---|---|---|
| Валандово | 28,6 | | Демир Капија | 0,4 |
| Карпош | 25,8 | | Вевчани | 0,4 |
| Делчево | 22,6 | | Штип | 0,0 |
| Центар | 21,8 | | Пробиштип | -0,6 |
| Лозово | 21,5 | | Охрид | -1,2 |
| Росоман | 21,0 | | Влада на РСМ | -1,7 |
| Крива Паланка | 19,1 | | Карбинци | -1,8 |
| Зрновци | 18,3 | | МЖСПП | -2,1 |
| Боговиње | 18,2 | | Петровец | -2,2 |
| Долнени | 17,8 | | Дебрца | -2,4 |
| Кривогаштани | 16,9 | | Град Скопје | -2,4 |
| Ново Село | 15,6 | | Чешиново - Облешево | -2,5 |
| Сопиште | 15,3 | | Ѓорче Петров | -2,5 |
| Македонска Каменица | 15,1 | | Кисела Вода | -2,9 |
| Демир Хисар | 14,6 | | Берово | -3,2 |
| Студеничани | 14,2 | | Свети Николе | -3,8 |
| Босилово | 13,8 | | Кавадарци | -4,3 |
| МО | 12,9 | | Чашка | -4,4 |
| Ранковце | 12,8 | | МЕ | -4,6 |
| Гази Баба | 12,2 | | Дојран | -4,7 |
| Виница | 11,8 | | Бутел | -5,0 |
| Велес | 11,3 | | Прилеп | -5,6 |
| Крушево | 11,0 | | Центар Жупа | -5,8 |
| Македонски Брод | 10,0 | | Новаци | -6,0 |
| Теарце | 9,4 | | МЗШВ | -6,2 |
| МФ | 9,1 | | Зелениково | -6,5 |
| Кочани | 9,1 | | Тетово | -6,6 |
| Арачиново | 9,1 | | Ресен | -6,8 |
| Струмица | 8,7 | | Аеродром | -6,9 |
| Маврово и Ростуша | 8,5 | | Липково | -7,0 |
| МИОА | 8,3 | | Врапчиште | -7,4 |
| Неготино | 7,5 | | Конче | -7,6 |
| Могила | 7,4 | | Гевгелија | -7,8 |
| Кратово | 6,9 | | Јегуновце | -8,6 |
| Пласница | 6,7 | | Сарај | -9,0 |
| Василево | 6,0 | | Гостивар | -9,0 |
| МВР | 5,4 | | МОН | -9,2 |
| Богданци | 4,7 | | МП | -9,6 |
| Брвеница | 4,3 | | Старо Нагоричане | -9,9 |
| Дебар | 4,3 | | МТВ | -10,0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МТСП | 4,2 | | Шуто Оризари | -10,2 |
| Радовиш | 4,2 | | Чаир | -11,2 |
| Куманово | 4,1 | | МЛС | -12,1 |
| МЗ | 3,8 | | Илинден | -12,8 |
| МНР | 2,5 | | Градско | -15,9 |
| Чучер Сандево | 2,0 | | Кичево | -16,7 |
| МК | 1,3 | | Желино | -18,0 |
| Битола | 0,7 | | Струга | -25,2 |
| Пехчево | 0,5 | | МПСОЗ | н/а |

# Прилози: Прашалници за истражување

## 1. Прашалник за истражување на активната транспарентност на министерствата и на Владата за изработка на Индексот на активна транспарентност

### Прва група прашања: Пристап до информации

1. Дали има на интернет страницата посебен оддел за пристап до информации?

2. Дали се објавени основни податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации (име и презиме, телефон и е-маил адреса)?

3. Дали е објавен начинот на поднесување на барање за пристап до информации?

4. Дали е објавена листа на информации со кои располага институцијата?

5. Дали се објавени основни податоци за контакт со имателот на информацијата (адреса, телефон и е-адреса)?

### Втора група прашања: Одговорност, отчетност и интегритет

6. Дали се објавени податоци за министерот (биографија, контакт и сл.)?

7. Дали е објавен список на вработени лица/раководители со контакти?

8. Дали е објавена организациската структура (шема, органограм) на институцијата?

9. Дали се објавени податоците за контакт со лицето овластено за заштитено внатрешно пријавување (име и презиме, телефон, е-адреса)?

10. Дали се објавени соопштенија до јавноста и/или информативни билтени или друг облик на информирање?

### Трета група прашања: Информации за надлежноста и за услугите

11. Дали се објавени информации за надлежностите на институцијата?

12. Дали се објавени законите кои се однесуваат на надлежноста на институцијата?

13. Дали се објавени прописите што ги донесува институцијата во вид на подзаконски акти?

14. Дали е објавен стратешкиот план и/или стратегијата за работа?

15. Дали е објавен годишен план и/или програма за работа за тековната година?

**Четврта група прашања: Буџетска и финансиска транспарентност**

16. Дали е објавен буџетот на институцијата за тековната година?

17. Дали е објавена завршна сметка на буџетот за претходната година?

18. Дали се објавуваат ревизорските извештаи?

19. Дали е објавен годишниот план за јавни набавки за тековната година?

20. Дали се објавуваат огласи за јавни набавки за тековната година?

21. Дали се објавуваат известувања за склучен договор од јавни набавки?

**Дополнителни прашања за Министерството за финансии**
**(од четврта група прашања: Буџетска и финансиска транспарентност)**

22. Дали се објавуваат месечни извештаи за извршување на буџетот за тековната година?

23. Дали се објавува извештај за извршување на буџетот за првите шест месеци од годината во претходната година?

24. Дали се објавуваат податоци за јавниот долг на РСМ во претходната или тековната година?

Рок во којшто институцијата одговорила на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**2. Прашалник за истражување на активната транспарентност на <u>општините и на Град Скопје</u> за изработка на Индексот на активна транспарентност**

**Прва група прашања: Пристап до информации**

1. Дали има на интернет страницата <u>посебен оддел</u> за пристап до информации?

2. Дали се објавени основни податоци за <u>контакт со службеното лице</u> за посредување со информации (име и презиме, телефон и е-адреса)?

3. Дали е објавен <u>начинот на поднесување на барање</u> за пристап до информации?

4. Дали е објавена <u>листа на информации</u> со кои располага институцијата?

5. Дали се објавени основни податоци за <u>контакт со имателот</u> на информацијата (адреса, телефон и е-адреса)?

**Втора група прашања: Одговорност, отчетност и интегритет**

6. Дали се објавени <u>податоци за градоначалникот</u> (биографија, контакт и сл.)?

7. Дали е објавен <u>список на вработени лица/раководители</u> со контакти?

8. Дали е објавена <u>организациската структура</u> (шема, <u>органограм)</u> на институцијата?

9. Дали се објавени податоците за <u>контакт со лицето овластено за заштитено внатрешно пријавување</u> (име и презиме, телефон, е-адреса)?

10. Дали се објавени <u>соопштенија до јавноста</u> и/или <u>информативни билтени</u> или <u>друг облик</u> на информирање?

11. Дали се објавува <u>статутот на општината</u>?

12. Дали се објавуваат <u>службените гласила</u> на општината?

13. Дали се објавуваат <u>дневните редови за седниците на Советот</u> на општината?

**Трета група прашања: Буџетска и финансиска транспарентност**

14. Дали е објавен <u>буџетот</u> на институцијата за тековната година?

15. Дали е објавена <u>завршна сметка</u> на буџетот за претходната година?

16. Дали се објавува <u>граѓански буџет</u>?

17. Дали се објавуваат <u>квартални извештаи</u> за извршување на буџетот за претходната година?

18. Дали се објавуваат <u>ревизорските извештаи</u>?

19. Дали е објавен годишниот <u>план за јавни набавки</u> за тековната година?

20. Дали се објавуваат огласи за јавни набавки за тековната година?

21. Дали се објавуваат известувања за склучен договор од јавни набавки?

**Четврта група прашања: Информации за надлежноста и за услугите**

22. Дали се објавени информации за надлежностите на институцијата?

23. Дали се објавени законите кои се однесуваат на надлежноста на институцијата?

24. Дали се објавени прописите што ги донесува имателот на информации во вид на подзаконски акти?

25. Дали се објавени услугите што ги дава институцијата?

26. Дали се објавуваат ДУП/ГУП (информации за урбанистичкото планирање)?

27. Дали се објавуваат информации за урбанистичкото планирање (одобренија за градба)?

28. Дали се објавуваат информации за заштита на животна средина?

29. Дали се објавуваат информации за локален економски развој?

30. Дали се објавуваат информации за комуналните дејности?

31. Дали се објавуваат информации за културата?

32. Дали се објавуваат информации за спортот и рекреацијата?

33. Дали се објавуваат информации за социјална заштита и заштита на деца?

34. Дали се објавуваат информации за образованието?

35. Дали се објавуваат информации за здравствената заштита?

36. Дали се објавуваат информации за мерките за заштита и спасување на граѓаните?

37. Дали се објавуваат информации за противпожарната заштита?

38. Дали се објавуваат информации за надзорот над вршењето на работите од надлежност на институција?

30. Дали е објавена информација за стапката на данокот на имот што ја пропишува општината?

40. Дали е објавена информација за надоместокот за уредување на градежно земјиште?

Рок во којшто институцијата одговорила на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.